**Известување за концентрација со која Дунапек Пекаџинг Хелас Сингл Мембр Сосиете Анониме, Грција ќе стекне контрола над Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс, Грција (предмет бр. 08-124/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.08.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Дунапек Пекаџинг Хелас Сингл Мембр Сосиете Анониме, со регистрирано седиште на адреса Рахи, Шиматари, Танагра, Беотија, 32009, Грција ќе стекне единствена контрола над Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс, со регистрирано седиште на адреса Леофорос Атинон 31-33, Атина, Грција по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Главната дејност на Дунапек Пекаџинг Хелас Сингл Мембр Сосиете Анониме се состои од производство/трговија со брановиден картон и брановидни кутии. Друштвото се занимава со преработка на хартија или други суровини за производство на производи за производство на хартија и други слични видови стоки, пласирање на таква стока и продажба на големо или мало на хартиени стоки преку продавниците изнајмени од друштвото за оваа намена или по нарачки на трети страни или преку учество во јавни набавки и извршување на горенаведените работи и маркетинг на хартија, застапување на домашни или странски друштва и нивно снабдување, увоз на суровини и готови производи и која било слична работа.

Дунапек Пекаџинг Хелас Сингл Мембр Сосиете Анониме е дел од групацијата Принцхорн, групација на друштва контролирани од членови на семејството Принцхорн. Групацијата Принцхорн нема физичко присуство во Северна Македонија, но нејзината дивизија за хартија за пакување и дивизијата за пакување продаваат производи во Северна Македонија до одреден (но ограничен) обем. Групацијата Принцхорн нема поврзани субјекти во Северна Македонија.

Главна дејност на Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс е индустриско производство и трговија со сите видови амбалажа и суровини за пакување, индустриско производство и трговија со хартија и вршење на сличен бизнис.

Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс моментално се занимава со: (а) производство и трговија со рециклирана хартија за пакување (во понатамошниот текст: „бизнис со хартија"); и (б) производство и трговија со брановидна хартија и брановиден картон, како и контејнери за хартија и картон (во понатамошниот текст: „бизнис со пакување"). Со предметната концентрација, Дунапек Пекаџинг Хелас Сингл Мембр Сосиете Анониме ќе го стекне само бизнисот за пакување на Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс.

Ел-Пек Сингл Мембр Сосиете Анониме Пекаџинг Продактс нема регистрирано присуство во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за производство и продажба на

брановиден картон и брановидни табли и кутии во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.08.2026 година
Скопје